## НАРОДНА БАНКА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

### СООПШТЕНИЕ ЗА ПРОМЕНИТЕ ВО ИЗВЕСТУВАЊЕТО ЗА ВЛОЖУВАЊАТА ВО / ОД СТРАНСТВО

Почитувани известувачи,

Народната банка на 13.12.2017 година донесе измени во подзаконската регулатива од областа на известувањето за состојбата и промените на капиталот и на меѓукомпанискиот долг на капитално поврзаните субјекти врз основа на вложувањата во / од странство.

Основна цел на најновите измени е олеснување на известувањето и прибирање на дел од податоците коишто досега ни ги доставувавте, а се од други извори. Во таа насока, направени се следниве измени:

- Кај известувањето за капиталните вложувања од странство, **се воведува метод на примерок** во изборот на известувачите, наспроти досегашната обврска за известување која важеше за сите претпријатија со странски капитални вложувања. Отсега натаму, обврска за доставување на **годишниот прашалник (образец ВС-22)** ќе имаат само претпријатија избрани во примерокот на известувачи, за што навремено ќе добијат писмено известување од Народната банка;

- Исто така, за претпријатијата во кои се инвестира со организациска форма „акционерски друштва“ избрани во примерокот, се укинува обврската да известуваат на образец ВС-22 за **вложувањата од нерезиденти – портфолио-инвеститори** (со учество под 10% во капиталот на друштвото); и

- Исто така, им се укинува обврската на домашните инвеститори да го доставуваат годишниот образец ВС-11 за нивните вложувања во странство во друштва со организациска форма „акционерско друштво“ со учество под 10% во издадените акции, како и за вложувања во удели и акции на инвестициски фондови.

Најновите измени на подзаконските акти се достапни на интернет-страницата на Народната банка, на следниве интернет-адреси:
„Упатство за изменување и дополнување на Упатството за начинот на известување за состојбата и промените на капиталот и на меѓукомпанискиот долг на капитално поврзаните субјекти врз основа на вложувања во странство“(„Службен весник на Република Македонија“ бр.185/17 од 18.12.2017 година); и
„Упатство за дополнување на Упатството за начинот на известување за состојбата и промените на капиталот и на меѓукомпанискиот долг на капитално поврзаните субјекти врз основа на вложувања од странство“(„Службен весник на Република Македонија“ бр.185/17 од 18.12.2017 година).